FOREVER

MACEDONIA

Декември 2015 | Број 170

# ИЗГРАДЕТЕ ГО ВАШИОТ БИЗНИС

## СО ФОРЕВЕР ЕТЕРИЧНИ МАСЛА



# Форевер омилени производи

Исто како и фамилијарната традиција, нашите омилени Форевер производи никогаш не излегуваат од мода! Прославата нема да биде иста без овој допир на класиката. Подарете им ги најдобрите производи на вашите најблиски!

## Forever Alpha-E Factor

Ја хидратира кожата со својата моќна длабоко продирачка формула. Алое вера, витамин А, С и Е, масло од боражина се искомбинирани за да го рехидрираат и избалансираат секој тип на кожа!

## Forever Aloe Scrub

Оваа празнична сезона задржете го сјајот на вашата кожа. Стабилизиран гел од алое вера во комбинација со микро гранули од масло на јојоба, ја чисти кожата и нежно ја ексфолира, за таа да биде нежна и чиста.

## Aloe Moisturizing Lotion

Сатенска хидратантна крема која содржи алое, масло од јојоба, колаген и еластин. Совршена крема која на дехидрираната кожа ѝ дава нов живот.

## Aloe Propolis Cream

Можеби нашиот најпосакуван производ до сега за нега на кожата. Тука ние го искомбиниравме нашето алое вера со прополис, земен директно од кошницата.




Резултат? Одличен крем со богата, кремаста текстура и прекрасен мирис на мед.




## Aloe Blossom Herbal Tea

Уживајте во вкусот на празниците. Освежувачки цимет, кора од портокал и каранфилче во комбинација со цветови од алое кои создаваат овошен и зачинет чај кој ќе ве ревитализира независно дали ќе го конзумирате топол или ладен.

## Forever Aloe Lips

Вистински Форевер фаворит! Алое вера, јојоба и пчелен восок кои смируваат, ги штитат усните и ја обезбедуваат потребната влажност. Ако вашите усни можат да зборуваат, тие ќе го побараат Forever Aloe Lips!






# Да се заблагодариме

**William Arthur Ward е познат со мислата: „Да чувствуваш благодарност и да не ја изразиш, е исто како да спакуваш подарок и да не го дадеш.“**

Овој период од годината, кога е еден од сезонските празници во САД – Денот на благодарноста, семејствата подлабоко размислуваат за важните моменти кои ги поминуваат заедно.

Почнуваме почесто да го користиме зборот „благодарен“ во нашите разговори. Вниманието ни се насочува кон благодарноста, а нашиот ум започнува да размислува за она за што сме најблагодарни во овој празничен период. Но зошто тоа го правиме само еднаш во годината? Ако да заблагодариме е толку лесно, зошто тоа не го правиме секој ден?

Благодарноста е присутна и во најситните нешта – да се насмевнеш на случаен минувач, да ја задржиш вратата за некого или да одделиш минута-две, за да прашаш некого како му минал денот. Да изразуваме благодарност е едноставен начин да си го подобриме животот, здравјето и благосостојбата.

Има толку многу работи за кои сум благодарен секој ден. Имам чест да им помагам на луѓето да го изберат својот пат, да ја откријат слободата, да споделат здравје и благосостојба, да создаваат пријателства за цел живот. Заради оваа причина, како и многу други, благодарноста е вкоренета во вредностите на Форевер.

Ви предлагам да одвоите време за да размислите за што сте благодарни, како и да го претворите тоа во секојдневна навика. Секој ден кажувајте им на луѓето околу себе што значи за вас нивното пријателство и добри желби. Кога одделуваме време да ги споделиме тие мисли, „ја предаваме благодарноста натаму“, ја умножуваме и можеме некого да натераме да се НАСМЕВНЕ!

Ви посакувам на вас и вашите семејства благословени празници. Ви благодарам што ми помагате да имам толку многу нешта, за кои сум благодарен!

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**



## Претставување на Форевер во Неготино, 4.11.2015









## Претставување на Форевер во Куманово, 17.11.2015







## Претставување на Форевер во Скопје, 24.11.2015









# Најубавиот подарок



Драги пријатели,

Кога ги претставуваме можностите за градење на сопствен бизнис со Форевер Ливинг, никогаш не пропуштаме да обрнеме внимание дека не станува збор за брз и лесен начин за збогатување, туку за достапна за секого можност да си го промени животот преку систематски повторувачки активности. И дека најважни за постигнување на целите се начинот на размислување во комбинација со трпение и доволно долг период на време. Во зависност од вашата посветеност, периодот по кој ќе имате видливи резултати, може да биде шест месеци, една година, а може и малку повеќе. Но, независно колку долг ќе е тој, важното за секој од вас е да не се откаже во тој период. А прашање дали има посободветно време за преземање на долгорочен АНГАЖМАН од периодот околу Нова година и Божиќ.

За овие празници кои сите ги сакаме, ние не можеме да направиме подарок  на секој од вас, но вие можете да си  го подарите најубавото – да донесете ОДЛУКА да си го промените животот следната година, така што ќе изградите сопствен бизнис со Форевер! А што е потребно за тоа да се случи? Да се АНГАЖИРАТЕ!

Најнапред е личниот ангажман да ги посветите следните најмалку дванаесет месеци на активности кои ќе ви ги донесат саканите резултати. Градењето на вашиот бизнис ќе бара да му посветувате одредено време секој ден, секоја седмица и секој месец. Можете да го намалите гледањето на телевизија или времето за сон, но најдете време и одделете одреден број часови седмично за градење на вашата иднина. А за да ги исполните тие часови со содржина која ќе го движи вашиот бизнис напред, треба да сте активни со 4 б. секој месец. Со други зборови, да земете ангажман вие и вашето семејство да употребувате колку е можно повеќе производи на Форевер. Постојано да ги откривате предностите од нивната употреба и да уживате во нив. Секоја седмица да се сретнувате со доволен број луѓе и да ги споделувате тие предности, за да имате доволно клиенти за својот бизнис. Секоја седмица да се сретнувате и со доволно многу луѓе, кои исто како вас сакаат да го променат својот живот, и да им ги претставувате можностите за градење на бизнис. Луѓе кои ќе ги спонзорирате и обучите да го прават истото како вас. И тоа секој ден, секоја седмица, секој месец во следната година.

Ако го направите тој ангажман, ако не се откажете и го посветите потребното време на својата лична и финансиска слобода, ние ви гарантираме дека догодина во ова време вашиот живот ќе биде многу подобар и поразличен. Ќе биде животот, во кој не друг, туку лично вие ќе одредувате што ви се случува. Ете тој одличен подарок можете да си го направите сами, со донесување ОДЛУКА и преземање АНГАЖМАН.

Ви посакуваме среќна Нова година и Божиќ, и нов живот исполнет со слобода, независност и... ФОРЕВЕР!

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

**Стефан  и Тања Стаеви**

# Изградете го Вашиот бизнис со Форевер Етерични масла

## Достигнете го нивото Менаџер за само 5 месеци, користејќи ги овие практики кои се лесни за следење!

На Глобалното Рели во Сингапур, Џејн Лич зборуваше за моќта на визијата. Таа ја дефинира визијата како способност да се види нешто долго пред тоа да стане видливо. За да бидете успешен во Форевер, мора да имате визија и да верувате дека можете да постигнете величина, затоа направете план и работете на негова реализација. Време е да ја видите визијата на Форевер Етеричните масла!

Без разлика дали ароматерапијата е нешто ново за вас или со години сте користеле аромати и етерични масла, со Форевер Етерични масла ќе внесете нова динамика во вашиот бизнис.

### Разберете ја моќта на пазарот на ароматерапијата

Во 2014-та пазарот на ароматерапијата беше над 25.3 милијарди долари. Помислете на луѓето што ги познавате или луѓето со кои го споделувате Форевер и веќе користат ароматерапија и би биле заинтересирани да научат зошто Форевер Етеричните масла се најдобрите производи достапни на пазарот.

### Станете експерт за ароматерапија

Како се користат производите? Каде? Од кого? Етеричните масла имаат многу голема примена така да тешко би било да ги знаеме сите. Но со познавање на неколку клучни начини како производите можат да им помогнат на луѓето да изгледаат и да се чувствуваат подобро, вие можете да зборувате интелигентно за производната линија со што на вашите клиенти и соработници ќе им влеете доверба како за производите, така и за вас. Ароматерапијата може да се распространува низ домот, вашиот автомобил или на друго место каде може да се користи мирисот. Може да се меша со основното масло и да се нанесува на кожа, а некои од маслата дури може и да се пијат. Кој е најдобриот дел? Целото семејство може да има корист од моќта на Форевер Етеричните масла! Ако најдете начини на кои ви се допаѓа да ги користите маслата, споделувањето со другите станува уште полесно!

### Учете за најдобрите производи на пазарот

Сега кога веќе ви е позната моќта на ароматерапијата, одделете време за да научите зошто Форевер Етеричните масла се најдобрите производи достапни на пазарот денес. Од 1978 г. Форевер патува ширум целиот свет за да ги пронајде најчистите природни состојки кои се користат во нашите производи, и тоа повторно го направивме! Извори од целиот свет и 100% чисти без синтетички додатоци, Форевер Етеричните масла се природно најчисти ботанички есенции набрани специјално за вас! Научете го потеклото и бенефициите на овие прекрасни производи и ќе можете со голема самодоверба да им зборувате на вашите соработници, клиенти и идните СФБ!

Кога ќе го научите потеклото, составот и употребата на Форевер Етеричните масла, време е да ги споделите производите! Со следењето на овие бизнис практики може да постигнете статус на Менаџер за помалку од пет месеци!




Користете ги Етеричните масла на состаноци, обуки, претставување на производи и презентации, за да покажете колку лесно се користат. Поради начинот на кој сетилото за мирис функционира со мозокот, ефектот од етеричните масла може да биде моментален, давајќи на вашиот тим, клиенти и потенцијални СФБ позитивна интеракција со производот!

За да дознаете повеќе за потеклото, составот и употребата на Форевер Етеричните масла и да ја видите обуката на Џејн Лич “Изградете Менаџер бизнис со Форевер Етеричните масла”, посетете ја веб страната www.discoverforever.com.




## Прв месец

Направете малопродажба од најмалку 1 б. од Форевер Етеричните масла. Вклучете два нови Асистент Супервизори кои ќе се приклучат со 2 б. порачки од Форевер Етеричните масла. На крајот од првиот месец ќе имате 5 б. во вашито бизнис!

## Втор месец

Следете ги истите чекори како и првиот месец. Следно, работете со двата члена кои ги спонзориравте минатиот месец да најдат и приклучат два нови Асистент Супервизори, секој од нив со 2 б. порачки од Форевер Етерични масла. До крајот на месецот вие ќе имате тим од три члена и вкупно 15 б!

## Трет месец

Повторете ги чекорите од претходниот месец. Многу е важно во текот на третиот месец да изградите добри навики и да бидете пример за групата што расте. Зборувајте секојдневно со луѓе за производите и Форевер можностите! Потпрете се на вашите конекции од социјалните мрежи за да ги споделите информациите брзо со поголема група на луѓе и следете ги! Ако сите ве следат и спонзорираат два нови Асистент Супервизори во текот на месецот, вие ќе имате девет члена во вашиот бизнис. Да претпоставиме дека само шест од девет члена ја достигнале целта од 5 б., во тој случај вие ќе имате 30 б. во вашиот бизнис и ќе постигнете ниво **Супервизор!**

## Четврти месец

Продолжете со истите чекори како претходниот месец. Доколку сите ја следат вашата обука и најдобрите практики, вие ќе имате 18 членови во вашиот бизнис. Да претпоставиме дека само 10 од вкупно 18 члена ја имаат визијата, го согледале потенцијалот на Форевер и ги направиле нивните 5 б. тогаш вие ќе имате 50 б. во вашиот бизнис и ќе го достигнете нивото **Асистент Менаџер.**

## Петти месец

Повторете ги истите чекори од претходниот месец. Во најдобар случај вие ќе имате 30 членови во вашиот бизнис. Да претпоставиме дека само 14 од вкупно 30 членови се посветени лично да продадат по 1 б. и ќе спонзорираат два нови Асистент Супервизори во месецот, вие сега ќе го достигнете нивото **Менаџер!**

По пет месеци, не само што сте Менаџер со бонус околу $ 2 500 месечно, веќе имате повеќе членови во вашата група кои го гледаат вашето градење структура и сакаат и тие да го сторат истото! Работете со вашата група во длабочина за да ги идентификувате оние кои се мотивирани како вас и помогнете им да го достигнат нивото Менаџер. Со градење на бизнис базиран на добри навики и добра пракса, нема ограничување на тоа што може да го постигнете.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА НОЕМВРИ 2015 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

Митрев Русе – Штип
Петровска Македонка – Неготино

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Вукомановиќ Тања - Врање
2. Давитковска Гордана – Штип
3. Дончева Јелена – Штип
4. Илиев Блаже – Скопје
5. Илиевска Јулијана – Куманово
6. Јованов Илија – Неготино
7. Ковацис Ивана – Скопје
8. Крстевска Верче – Куманово
9. Лазов Пане – Неготино
10. Лошковска Сузана – Скопје
11. Манев Ристе – Охрид
12. Михајлов Милан – Скопје
13. Мојсова Иԡанка – Неготино
14. Николовски Свете – Куманово
15. Петрова Евица – Неготино
16. Пројческа Ивона – Прилеп
17. Ристовска Гурева Јована – Кавадарци
18. Спасова Љубица – Струмица
19. Стаменова Анета – Неготино
20. Тодорова Радојков Весна – Босилеград
21. Тодорова Даниела – Неготино
22. Чочкова Велика - Неготино

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Славица Донакова
3. Блага Крстеска
4. Слафко Михајловски
5. Вера Златковска
6. Катерина Трајчевска
7. Др.Снежана Контра
8. Младен Димовски
9. Македонка Петровска
10. Дончо Ѓорѓиев

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Златковска
3. Македонка Петровска
4. Славица Донакова
5. Младен Димовски
6. Слафко Михајловски
7. Катерина Трајчевска
8. Цонка Димитрова
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Стевица Димовска




**Први чекори до Менаџер**
цена 100 денари

**Претставување на бизнис можноста**
цена 80 денари







**Каталог на производи**
45 денари

## SUCCESS DAY

**24.01.2016**
**Holiday Inn**
**Почеток 12:30 часот**

**На настанот ќе биде извлекувана лотаријата. Само уредно приложени наградни купони ќе бидат добитни**

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.